**20261472108**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 7-а став (12) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија” бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 99/22, 129/23, 253/23,147/24, 49/25 и 96/26) и член 17 став 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 153/19, 261/19, 89/22, 65/23, 147/24, 241/24, 258/25 и 96/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 јуни 2026 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРОСПЕКЦИСКИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МЕТАЛИЧНИ МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Член 1

Концесијата за вршење на проспекциски геолошки истражувања за метлични минерални суровини се доделува со цел откривање на нови локалитети перспективни за понатамошни детални геолошки истражувања како и откривање на нови наоѓалишта на метлични минерални суровини.

Со оглед на фактот дека правото за вршење на проспекциски геолошки истражувања на минерални суровини се стекнува со доделување на концесија, како и дека се работи за истражување на минерална суровина, потребно е да се доделат под концесија минералните суровини определени со оваа одлука.

Член 2

Како основна цел за доделување на концесијата за вршење на проспекциски геолошки истражувања е откривање на нови локалитети на дел од територијата на Република Северна Македонија перспективни за понатамошни детални геолошки истражувања за метлични минерални суровини.

Член 3

Предмет на концесијата е вршење на проспекциски геолошки истражувања за метлични минерални суровини на просторот „Исток“ Општина Берово, Општина Босилово, Општина Валандово, Општина Василево, Општина Велес, Општина Виница, Општина Гевгелија, Општина Делчево, Општина Демир Капија, Општина Конче, Општина Штип, Општина Кочани, Општина Пробиштип, Општина Радовиш, Општина Струмица, Општина Свети Николе, Општина Куманово, Општина Старо Нагоричане, Општина Чешиново - Облешево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Пехчево, Општина Лозово, Општина Петровец, Општина Кратово, Општина Неготино и Општина Ново Село.

Концесијата за вршење на проспекциски геолошки истражувања ќе се додели на понудувачот кој ќе успее да ги исполни условите содржани во тендерската документација и јавниот повик.

Член 4

Постапката за доделување на концесијата за вршење на проспекциски геолошки истражувања на метлични минерални суровини ќе биде спроведена по пат на јавен повик со електронска аукција во рок од 360 дена од денот на формирање на Комисијата за спроведување на постапката.

За спроведување на постапката за доделување на концесија за вршење на проспекциски геолошки истражувања, Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини формира Комисија за спроведување на постапката во рок од 360 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Комисијата од став 2 на овој член ја подготвува тендерската документација, јавниот повик, вклучувајќи го и нацртот на договорот. Тендерската документација на предлог на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, се доставува до Владата на Република Северна Македонија на одобрување.

По одобрување на тендерската документација за доделување на концесија за вршење на проспекциски истражувања на метлични минерални суровини, Комисијата од став 2 на овој член во рок од десет дена ќе го објави јавниот повик согласно Законот за минерални суровини (*).

Член 5

Висината на надоместокот за издавање на тендерската документација ќе изнесува 6.000,00 денари.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-4047/9
30 јуни 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.